**Општинско основно училиште**
**„Кочо Рацин“ - Куманово**

# Годишен извештај за работа на училиштето во учебната 2018/19 год.

јули, 2019 год.

Врз основа на член 130 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/2008 год) и член 79 од Статутот на Училиштето, директорот поднесува Извештај за постигнатите резултати во ВОР

Целта на извештајот е да се даде осврт на целокупната работа на Училиштето, постигнатите резултати во наставата и вонннаставните воспитно - образовни подрачја, како и констатирање на позитивните страни и евентуалните пропусти со препораки и предлог-мерки за нивно надминување.

И во оваа учебна година ВОР во ООУ„Кочо Рацин“ Куманово беше организирана во осум објекти – училишта: централно, во населбата „Гоце Делчев“ и во ПУ с. Орашац, од прво до деветто одделение; во ПУ с. Доброшане наставата се одвиваше во пет чисти паралелки од прво до петто одделение, во селото Биљановце во две комбинирани паралелки, во селата Габреш, Градиште, Кучкарево и Кокошиње по една комбинирана паралелка од прво до петто одделение.

Наставата во Централното училиште се изведува во училишен објект кој е во употреба од 1983 година, кој редовно се одржува и во последниве години се заменети речиси сите прозорци на училниците и на дел од еден ходник. Продолжи естетско и функционално уредување на училишниот простор со што се подобри амбиенталниот изглед на Училиштето. Од пред три учебни години Училиштето е приклучено на гас. Во текот на минатата учебна година преку проектот *Сложувалка,* во соработка со Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет Куманово, Кратово и Крива Паланка *–Мобилност,* на западната страна на училиштето и игралиштето беше изградена прилагодена патека/рампа за потребите на ученици со телесни пречки во развојот, како и преадаптација на по еден од постоечките тоалети во предметна и одделенска настава. Преку донација од родители минатата учебна година беше обезбеден асфалт за помошно едукативно игралиште за одделенска настава, коешто максимално беше користено во оваа учебна година. Исто така беше извршена санација на потпорниот ѕид на влезот на училиштето, во соработка со локалната самоуправа. Објектот во с. Доброшане е целосно реновиран во 2002 год. и модерно опремен, а во с. Биљановце наставата се изведува во стар, но реновиран објект со внатре изграден современ санитарен јазол. И во остатнатите подрачни училишта се вложува во одржувањето и уредувањето според можностите на Училиштето, со помош на локалната зедница, родителите и наставниците.

Со години наназад Централното училиште е оптоварено со голем број паралелки, особено во предметната настава и е оневозможена кабинетска настава, иако при проектирање на зградата истата била конципирана. Посебен проблем се создаде во прво одделение, со воведување на новиот НПП, поради неприлагоденоста на просторот (мали простории) на потребите и бројот на учениците, како и само три простории наменети за овие ученици, кои се распределени во пет паралелки, што наложува двосменско работење на ова одделение. Во Централното училиште наставата се одвиваше во две смени кои се менуваа на две недели. Во подрачните училишта се работеше само во прва смена.

Во учебната 2018/19 год. наставата ја посетуваа вкупно 1256 ученици, а на почетокот беа запишани 1264.

Централно училиште

| одд. | I | II | III | IV | V | I- V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I- IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 25 | 5 | 5 | 5 | 5 | 20 | 45 |
| учен. | 113 | 117 | 119 | 133 | 118 | 600 | 132 | 135 | 124 | 130 | 521 | 1121 |

ПУ с. Доброшане

| одд. | I | II | III | IV | V | I -V |
|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| учен. | 6 | 10 | 5 | 9 | 23 | 53 |

ПУ с. Биљановце

| одд. | I, II, III, | | | IV, V | | I- V |
|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 1 | | | 1 | | 2 |
| уч. | 4 | 3 | 3 | 4 | 5 | 19 |

ПУ с.Орашац

| одд. | I, II, III, | | | IV, V | | I - V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| пар. | 1 | | | 1 | | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 6 |
| уч. | 3 | 3 | 4 | 2 | 4 | 16 | 9 | 2 | 9 | 10 | 30 | 46 |

ПУ с. Кокошиње

Една комбинирана паралелка од: петто – 1 ученик, вкупно 1 ученик.

ПУ с. Габреш

Една комбинирана паралелка од: прво – 1 уч., трето одд.- 1 уч. и петто одд. – 1 ученик, вкупно 3 ученици.

ПУ с. Кучкарево

Една комбинирана паралелка од: прво одд. – 2 ученик, второ одд. –1 учен, трето одд. – 3 уч., четврто – 1, петто – 1, вкупно 8 ученици.

ПУ с. Градиште

Една комбинирана паралелка од: прво одд. – 2 уч., второ одд. -3 уч., вкупно 5 ученици.

Во Училиштето во оваа учебна година ВОД ја реализираа вкупно 87 наставници, од кои 3 наставници дополнуваа од други училишта; директор, педагог, двајца психолози, дефектолог и библиотекар.

Наставата се изведуваше на македонски наставен јазик, а од странските јазици, од прво до деветто одделение како прв странски јазик се изучуваше англискиот јазик, а како втор покрај германскиот, веќе седма учебна година се изучува италијанскиот јазик (во шесто и деветто одделение) додека рускиот јазик како втор странски јазик се изучува само во ПУ с. Орашац.

Изборни предмети кои се изучуваа оваа година се: во четврто и петто одд. творештво; запознавање со религиите и класична култура во европската цивилизација во шесто одделение; нашата татковина, изборен спорт, проекти од музичката уметност, проекти од информатика и програмирање се изучуваат во седмо, осмо и деветто одделение, додека во ПУ с. Орашац, како изборен предмет се изучуваше нашата татковина во сите одделенија, со два часа неделно за еден од предметите.

Пред почетокот на оваа учебна година се извршени сите потребни подготовки за нормално започнување на наставната година: хигиено - технички услови за работа, подготвеност на инвентар, варосување на сите училници во сите училишта.

Во месец мај 2019 год. извршен е упис на учениците во прво одделение, во паралелките од шесто одделение распределени се учениците од подрачните училишта од с. Доброшане и с. Биљановце, извршена е распределба на одделенски и предметни наставници по наставни предмети, одделенија, паралелки и часови и определени одделенски раководители на паралелките.

Пред почетокот на учебната година беше изготвен распоредот на часовите за редовната настава, а во текот на месец септември и распоредот за одржување на дополнителна и додатна настава.

Часовите за сите видови настава се реализирани според работните денови и НПП. Наставната година заврши со 180 наставни денови.

## Реализација на утврдените приоритети

| | |
|---|---|
| **Цел 1. Постигнување подобри резултати во наставата** | |
| **реализирано** | **нереализирано** |
| Реализирана обука за работа со талентирани и надарени ученици во редовната настава | |
| Договор на ниво на стручни активи за изготвување на наставни ливчиња/контролни задачи/тестови по тежински нивоа<br>Примена на наставни ливчиња/контролни задачи/тестови по тежински нивоа<br>Споредување на постигнати резултати во наставата | |
| Реализирани дебати на теми од заеднички интерес на учениците | |
| **Цел 2. Подобрување на условите за работа во Училиштето** | |
| Заменети столчиња и плотни на клупи во две училници | Приклучување на ПУ с. Доброшане на локална канализациона мрежа |
| **Цел 3. Зајакнување на соработката со локална и бизнис заедница за обезбедување на средства за подобрување на инфраструктурата** | |
| | Замена на прозорци и санирање на фасада во ПУ с. Орашац |
| | замена на азбестен кров во ЦУ и ПУ с. Биљановце |

Продолжи реализацијата на проектите: *Имплементација на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Безбедни училишта* (посета на тактичко показна вежба во соработка со Пожарна Куманово, Медицински центар Куманово и СВР Куманово, ноќна патрола со родители и наставници, присуство на свеченост по повод Ден на превенција). Во рамки на проектот *Меѓуетничка интеграција во образованието* – реализирани се низа самостојни мултикултурни активности, како и две заеднички активности: еколошка работилница на тема *Земјата денес и утре*, спортски активности: кошаркарски натпревар на мешани групи по повод Ден на училиштето и пинг понг турнир.

Во оваа учебна година во рамките на проект за меѓународна соработка, истата беше продолжена со збратименото основно училиште „Синав Колеџ“ од Анталија, Турција, преку виртуелна комуникација. Бевме домаќини на средбата за запознавање со вработените од основно училиште „Кирил и Методиј“ од Ќустендил, Р. Бугарија.

Особено внимание беше посветено на активностите во рамки на ERASMUS + проектите: *Учиме преку игри!* (GOAL!) во кој нашето Училиште е партнер со училишта од Франција, Шпанија, Португалија, Италија и Романија и *Европски научен конгрес за животна средина и екологија (ESCEI)* со партнер училишта од Шпанија, Италија, Полска и Романија. Во рамките на овие проекти се формираше училишен *Еразмус клуб*. Преку активно учество на учениците, наставниците и родителите во реализација на проектните активности беа разменети идеи, споделени и стекнати нови искуства, научени и осмислени нови едукативни игри, зголемена мотивираноста на учениците и поттикната соработка, поттикнат развој на тимски и натпреварувачки дух, подигната еколошката свест и подобрени комуникациските вештини на англиски јазик. Нашите ученици и наставници гостуваа во повеќе партнер училишта, а во месец мај бевме домаќини на ученици и наставници од проектот GOAL! За сите активности има изготвено извештај.

Реализирани се предвидените активности од проектите:

- *Даруваме радост* – изработка на велигденски подароци и нивна размена со другарчиња од подрачните училишта
- *Цери* – континуирано е собирана пластична амбалажа
- За истакнување се и активностите во рамките на проектот *Заедничка грижа за правилно насочување на учениците* во кои се вклучени родители, ученици и наставници и истите се спроведуваа според изготвената програма. За реализираните активности е изготвен извештај.
- *Од талент до успех*- собирна акција на стара хартија и нејзино продавање, набавка на платна, изработка на слики од страна на ликовна секција, продажна изложба
- Спроведени се повеќе еко активности:
    - Еко акција по повод националната акција за одбележување на Светскиот ден на чистењето
    - Театарска претстава *Хокус-покус рециклирањето е во фокус* во организација на Пакомак за ученици од одделенска настава
    - Пошумување на дворот на училиштето со 75 садници бел бор
    - Еко акција во училиштето по повод прв ден од пролетта
    - Декорирање на училишниот хол со чадорчиња
    - Еколошка акција за собирање на пластични шишиња во одделенска настава
    - Предавање за рециклирање на пластика за ученици од предметна настава и поставување на контејнер
    - Учество на републички натпревар *Творење и креирање на дела од отпад од пакување-асамблаж,* покровител Еуро-Еко Пакет, организатор ДЛЦ Скопје (освоено трето место со макета Доктор Офболи)
    - Учество на награден конкурс *Еко Пакет Македонија 2019* на тема *Електрични уреди*
    - Уредување на мала зеленчукова градина од еколошка секција на четврто одд.
- Во соработка со *ЗГ Кумановски акцијаши* нашите ученици учествуваа во:
    - Еко акција по повод 21 март Ден на пролетта во ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“ во с. Драгоманце
    - Еко акција во градскиот парк зад автобуската станица
    - Присуство на свечено одбележување на 40-годишнина од изградба на браната на акумулационо езеро Стрежево
- Остварена соработка со СВР Куманово и реализирани следниве активности:
    - Предавање за безбедност во сообраќајот за второ, трето и четврто одд.

  - Едукативна работилница и едукативно-теренска обука на училишните сообраќајни единици-УСЕ како дел од проектот *Безбедност во сообраќајот*
  - Одржани часови по безбедност за ученици од прво и второ одд.
  - Предавање на тема *Движење на велосипедисти и пешаци во сообраќајот* за шесто и седмо одд.
  - Предавања на тема *Правна социјализација на младите и безбедно на мотор - Полна кацига празна глава* за ученици од деветто одд.
- Во соработка со ОО Црвен Крст Куманово формиран е училишен клуб на Црвен Крст преку кој беа реализирани повеќе активности:
  - Презентација за постоење/формирање и работа на Црвен крст - општинска организација Куманово
  - Предавање на тема *Трговија со луѓе*
  - Показна вежба за давање на прва помош при разни видови на повреди
  - Презентација на тема *Превенција од зависности*
  - Креативни работилници за изработка на новогодишни честитки
  - Трибина на тема *Планирање на семејство*
  - Учество во хуманитарни турнири во фудбал, кошарка и ракомет
  - Учество во проект *Промовирање на хумани вредности*
  - Хуманитарни акции-собирни акции на стара облека и парични средства
- Во рамки на општествено-корисна и хуманитарна работа остварена е соработка со повеќе здруженија и институции од локалната средина:
  - Донација на училишен прибор од Лајонс клуб во ПУ с. Кучкарево и ПУ с. Градиште
  - Спроведена крводарителска акција *Дарувај живот* организирана од Совет на родители, Ротари клуб Куманово и Централна Кооперативна Банка
  - Учество во *Етно вешта жена и вешто дете 2018* со ученици од петто одд. како и манифестација *Вешто дете* во Дојран
  - Посета на Дом за стари лица „Зафир Сајто“ со ученици од четврто и петто одд.
- Беше интензивирана работата на Ученичката заедница, како и активно вклучување на учениците во училишниот живот преку организирање дебати на теми кои се поврзани со нивното секојдневние, со што им се овозможи да учат да го изразуваат своето мислење и да го почитуваат туѓото, да прашуваат и да имаат свој став
- Со пригодни активности беше одбележана Детска недела
- Во месец мај со повеќе активности и свечена приредба беше одбележан Денот на Училиштето
- Програмата за работа со ученици со посебни потреби е реализирана со предвидените активности и вклучување на седум лични асистенти за деца со ПОП во рамките на општинско корисна работа на Општина Куманово
- Во соработка со *Порака наша* одбележан е светскиот ден на лица со попреченост
- Продолжи соработката со *Национален ромски центар* преку учество на креативни работилници
- Остварена е соработка со хуманитарно здружение *Мајка* (одржана работилница од проектот *Биди во тек)*
- Организирани се продажни базари по повод Нова година и Велигден, а собраните средства ќе бидат искористени за подобрување на амбиенталниот изглед на училниците
- За одбележување е и учеството на нашите ученици од ПУ с. Биљановце во *ТВ Плус*
- Учество на наши ученици од прво одд. на маскенбал *Батко Ѓорѓија* (освоено второ место)
- И оваа година Училиштето се посвети на развивање на спортскиот дух на учениците преку влкучување во проектите: *ФУДБАЛ ВО УЧИЛИШТЕ - фудбал сега, фудбал*

*насекаде* во соработка со Федерација на училишен спорт на Македонија, *Фудбал во основните училишта во зима* поддржан од ФФМ и ФУСМ за ученици од четврто и петто одд., како и *Велосипедизмот и спортскиот дух – здрави животни навики за современото живеење* поддржан од планинскиот велосипедски клуб *Оксижен,* за ученици од шесто и деветто одделение
- По повод *Месец на книгата* се реализираа повеќе активности: гостување на пистаелот Стојан Тарапуза во Училиштето, организирано литературно читање во градинката „Ангел Шајче" Куманово, запознавање на учениците од второ одделение со работата и функционирањето на училишната библиотека и медијатека, од страна на библиотекарката, посета на детски оддел на Градска библиотека *Тане Георгиевски* Куманово на ученици од второ и трето одделение и присуство на завршна манифестација по повод *Месецот на книгата*
- За едукација на родителите беше реализирана работилница за *Родителство* од страна на психолозите
- Продолжи реализацијата на отворените родителски средби и *Отворен ден за првачиња*
- Во месец април нашето Училиште беше вклучено во меѓународната студија *TIMSS 2019* која ги мери знаењата и способностите на учениците по математика и по природната група предмети (физика, хемија, биологија и географија) во четврто одделение и тестирањето *LaNa* во трето одделение(тестови за постигнувања)
- Нашето Училиште беше домаќин на општински натпревар по биологија и природни науки и на регионалните хорски смотри
- Членовите на ликовната секција учествуваа на повеќе манифестации: ликовна колонија организирана по повод Ден на училиште во ООУ „11-ти Октомври" Куманово, ликовен конкурс организиран од НБРМ, Министерство за финансии и Агенција за супервизија за осигурување (АСО) по повод светскиот ден на штедењето на теми *И јас умеам да штедам* и *Што значи осигурувањето на домот и семејството за мене,* ликовен натпревар организиран од страна на библиотека „Тане Георгиевски", меѓународна ликовна изложба *13-ти Ноември 2018* под покровителство на град Скопје во организација на Детски ликовен центар, учество на 12-та меѓународна ликовна изложба *Флора и фауна - извор на животот и убавината 2018* покровител Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ во организација на ДЛЦ на тема *Човекот и природата*, учество во ликовна работилница организирана од *Рома прајд*, учество на едукативна ликовна работилница во Центар за култура „Трајко Прокопиев" на тема *Насликај го својот град,* учество на ликовна колонија *Мојот град* во с. Драгоманце организирана од Здружение за грижа и воспитување на деца и млади и учество на ликовна колонија во меморијален центар АСНОМ.
- Литературната секција учествуваше на повеќе манифестации: книжевна ликовна колонија *Преку култура до пријателство* во Плавница, Црна Гора организирана од здружение на уметници Визија, литературен конкурс на теми *Моите претци* и *Мама и тато* организирана од друштво на писатели Куманово, учество на литературен конкурс за Детски Рацинови средби, учество во поетско-музичка вечер *Вечер со наградените ученици* организирана од друштво на писатели на Куманово.
- Во рамки на подрачјето ЈКД посетени се кино и театарски претстави за ученици од одделенска настава, како и новогодишна претстава *Новогодишна бајка* (подготвена од наставници од нашето училиште). Беше формиран и хор на наставници *Рацин* кој учествуваше на манифестација организирана по повод Св. Кирил и Методиј - Ден на просветните работници, како и во училиштето по повод пречек на гости од партнер училишта од Еразмус + проект GOAL! и Ден на училиштето.

За сите реализирани задачи во текот на учебната 2018/19 год. изготвени се извештаи за спроведените активности.

Во рамки на стручното усовршување посетени се повеќе обуки и семинари:

- *„Настава за да се научи“ поддржано од МОН и БРО, реализирано од Филозофски факултет, финасирано од EUROCLIO и CDRSEE*
- Обука *Откривање и работа со надарени и талентирани ученици* спроведена од МАНТ - Македонска асоцијација за надарени и талентирани (финансирана од самите наставници)
- *Инклузија на учениците со посебни потреби, индивидуални образовни планирања (годишно, тематско и дневно планирање*) предавач: Велика Миленковска, Констанстин Петковски (финансирана од самите наставници)
- обука *„Учење преку проекти“* со партнер училишта од Шпанија, Романија, Италија, Полска, преку Еразмус+ проект ESCEI-Европски научен конгрес за животна средина и екологија во Барселона, Шпанија
- *обука организирана од Национална агенција на РМ за „Еразмус+“ проекти*
- *обука по математика и презентација на збирки по математика* (24 наставници од прво до деветто одделение)
- обука за инклузивни тимови во основни училишта: *Запознавање со Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ) и индивидуален пристап според потешкотиите во учењето* организирана од фондација „Чекор по чекор“
- *обука за Аплицирање на европски фондови IPA II програма,* во Општина Куманово
- *обука за 4 одд. за Меѓународно тестирање TIMSS* од страна на БРО Куманово
- обука за инклузивни тимови во основни училишта: *„Диференцирање на учењето и наставната програма според интереси и способноси на учениците“* организирана од фондација „Чекор по чекор“
- обука за Е-Твининг платформа организирана од БРО и амбасадор на Е-Твининг платформа Габриела Стојановска
- обука *Училишта на 21 век* за директори за употреба на микро бит уреди во наставата, проект од британска влада
- семинар *Читањето е супер моќ* за наставници по македонски јазик и одделенска настава на Филозофски факултет, организатор Катедра по педагогија
- обука за 10 наставници *Училишта на 21 век* (за критичко размислување, решавање пшроблеми и кодирање)

Нашите ученици учествуваа на училишни натпревари и на сите натпревари во организација на БРО и други институции, како и на распишани конкурси по одредени предмети и на одредени теми, на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. И оваа учебна година особено сме задоволни со постигнатите резултати на нашите ученици кои освоија 176 поединечни и/или екипни награди/места од кои на општинско ниво – 24 први, 33 втори и 31 трети награди/места; на регионално ниво – 26 први, 19 втори и 19 трети награди/места; на републичко ниво – 5 први, 10 втори и 9 трети награди/места, сребрен и бронзен медал на 65 Техничка олимпијада, бронзен медал на Јуниорска математичка македонска олимпијада, меѓународно ниво - 9 ученици на полуфинален натпревар по англиски јазик *HIPPO* од кои една наша ученичка се пласираше на финален меѓународен натпревар во Италија каде освои деветто место*;* меѓународен фестивал за детска поезија *Дечје царство* во Бања Лука со освоено прво место; наша ученичка доби прва награда за есеј на тема *Замислувајќи го европеецот на иднината* распишан од Советот на Европа и МОН и ќе ја претставува нашата држава на одбележувањето на 70-годишнината од постоењето на Советот на Европа во Стразбур.

На крајот од наставната година се одржа свечено доделување на пофалници за најуспешните ученици и ментори.

Во оваа учебна година реализирани се еднодневен излет со рекреативен карактер до с. Биљановце со учениците од второ до деветто одделение, еднодневна екскурзија со наставен карактер до Крушево со учениците од трето одделение, настава во природа со учениците од петто одделение, дводневна екскурзија низ Источна Македонија со учениците од шесто одделение, тродневна наставно – научна екскурзија со учениците од деветто одделение низ Западна Македонија.

Во изминатата учебна година целосно беше реализирана планираната работа на стручните органи и тела – Одделенски и Наставнички совет, директорот и стручните соработници. Особено беа активни Стручните активи кои континуирано ја планираа, следеа и унапредуваа ВОР.

## Среден успех на учениците од четврто до деветто одделение

| **одд.** | **среден успех машки** | | | **среден успех женски** | | | **среден успех на одд.** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **уч. г.** | **2016/17** | **2017/18** | | **2016/17** | **2017/18** | | **2018/19** | **2018/19** | |
| IV | 4,33 | 4,51 | 4,57 | 4,51 | 4,63 | 4,70 | 4,42 | 4,57 | 4,63 |
| V | 4,40 | 4,37 | 4,57 | 4,41 | 4,58 | 4,65 | 4,40 | 4,47 | 4,61 |
| VI | 4,03 | 4,24 | 4,10 | 4,42 | 4,24 | 4,40 | 4,22 | 4,24 | 4,25 |
| VII | 3,74 | 3,94 | 4,20 | 4,39 | 4,34 | 4,27 | 4,00 | 4,14 | 4,24 |
| VIII | 3,74 | 3,63 | 3,76 | 4,29 | 4,26 | 4,16 | 4,02 | 3,95 | 3,96 |
| IX | 3,90 | 3,90 | 3,76 | 4,48 | 4,39 | 4,45 | 4,19 | 4,15 | 4,10 |
| IV-IX | 4,10 | 4,18 | 4,22 | 4,43 | 4,46 | 4,49 | 4,27 | 4,32 | 4,38 |

За родителите чии деца нередовно ја посетуваа наставата или имаа намален успех во учењето од страна на училишните психолози беше реализирано советување.

Во текот на оваа учебна година изречени се повеќе педагошки мерки: укор од одделенски раководител добиле 25 ученици, усна опомена на 2 ученици, писмена опомена 6 ученици, укор од наставнички совет 1 ученик, додека на 2 ученици им е намалено поведението. За сите изречени педагошки мерки е испочитувана Законската процедура: писмени покани до родителите, писмено Известување на родителите како и Записник од одржаните разговори со родителите и учениците.

Годишната програма за работа на ООУ„Кочо Рацин“ Куманово во учебната 2018/19 година сметаме дека е успешно реализирана:

- оваа учебна година особено сме задоволни со постигнатите успеси на нашите ученици на општински, државни и меѓународни поединечни и групни натпревари, каде што освоија 176 први, втори и трети места/награди и повеќе пофалници, како сребрен и бронзен медал на 65-та Техничка олимпијада и бронзен медал на Јуниорска математичка македонска олимпијада
- 3 ученици полагаа одделенски испит и го завршија одделението, двајца ученици се упатени на одделенски испит, а еден ученик на поправен испит во м. август
- сите активности и постигнати резултати редовно се промовирани на училишната веб страна и локалните, регионалните и државни медиуми – гостувања на наставници и ученици во радио и ТВ емисии на локалната телевизија
- реализирани се приоритетите од Годишната програма: обука за работа со талентирани и надарени ученици во редовната настава, договор на ниво на стручни активи за изготвување на наставни ливчиња/контролни задачи/тестови по тежински нивоа примена на наставни ливчиња/контролни задачи/тестови по тежински нивоа, реализирани дебати на теми од заеднички интерес на учениците, заменети столчиња и плотни на клупи во две училници

- особено се работеше на реализација на проектите Erasmus + (GOAL! и ESCEI)
- за подобрување на квалитетот на наставата во планирањата на сите наставници беа конкретизирани методите и инструментите за оценување по теми и изготвени полугодишни и годишни анализи на нивната употреба, од страна на наставниците како и на ниво на Училиштето
- секој наставник, на полугодие и на крај на учебната година изготви извештај за сопствената работа – релизација на редовната, дополнителната и додатната настава, слободните ученички активности, како и применети методи, техники и инструменти
- за секој наставник се води педагошки картон на полугодието и на крајот од учебната година
- во текот на учебната година следени се и постигањата на децата со ПОП инклузирани во редовната настава според изготвен ИОП
- во текот на учебната година, од страна на директорот и стручните соработници редовно се посетувани наставните часови, според однапред изготвен распоред, во склад со процедурата, а беа одржани и повеќе нагледни/отворени часови
- беше релизирана и Законската обврска за Советување на родителите чии деца нередовно посетуваа настава (19) и не постигнуваа задоволителен успех во учењето со 90 родители.

Изработиле:
Кети Б. Доцевска – психолог
Владица Наковска – психолог
Сашка Стаменковска – педагог

Директор
______________________
Лидија Пешевска